Врз основа на член 24 став 1 точка 2 алинеја 5 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18), Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија на седницата одржана на ден 08.11.2018 година, донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

### за одобрување на Правила за алокација на прекугранични преносни капацитети на граница Македонија – Србија (МЕПСО – ЕМС) за 2019 година

1. Се одобруваат Правила за алокација на прекуграничните преносни капацитети на граница Македонија – Србија (МЕПСО – ЕМС) за 2019 година кои се состојат од Agreement on congestion management on Macedonian-Serbian border between Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. and EMS AD Beograd, вклучувајќи и:
   - Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd („EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,
   - Daily Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for 2019, и
   - Rules for the Allocation of the Cross Zonal Intraday Capacity between the Bidding Zones of EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,

   а доставени од страна на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост „МЕПСО" Скопје.

2. Одобрените Правила за алокација на прекуграничните преносни капацитети на граница Македонија – Србија (МЕПСО – ЕМС) за 2019 година се во прилог на ова Решение.

3. Се задолжува АД МЕПСО Скопје текстот на Правилата за алокација на прекуграничните преносни капацитети на граница Македонија – Србија (МЕПСО – ЕМС) за 2019 година, одобрени со ова Решение, да го објави во „Службен весник на Република Македонија" и на својата веб страница.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на неговото донесување.

## О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

5. Согласно член 85 од Законот за енергетика ("Службен весник на Република Македонија" бр. 96/18) АД МЕПСО Скопје на 22.10.2018 година достави до Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги на Република Македонија (во понатамошниот текст: Регулаторна комисија за енергетика) текст на Правилата за алокација на прекуграничните преносни капацитети на граница Македонија – Србија (МЕПСО – ЕМС) за 2019 година кои се состојат од Agreement on congestion management on Macedonian-Serbian border between Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. and EMS AD Beograd, вклучувајќи и:
   - Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd („EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,
   - Daily Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for 2019, и

– Rules for the Allocation of the Cross Zonal Intraday Capacity between the Bidding Zones of EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,

заради одобрување.

Република Македонија со потпишување на Договорот за основање на Енергетската заедница, меѓудругото презема обврска и за учество во регионалните иницијативи кои што ќе придонесат за формирање на заеднички пазар на електрична енергија во нашиот регион. Од овие причини, АД МЕПСО – Скопје како вршител на енергетската дејност, пренос на електрична енергија, на 31.05.2016 година го потпиша Договорот за процедурите за учество во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа (Agreement on the procedure for MEPSO accession to CAO SEE). Претходно, овој Договор го имаат потпишано преносните систем оператори од Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Хрватска, Турција, Црна Гора и Грција. Согласно овој Договор, во земјите чии преносни систем оператори го потпишале, при распределбата на прекуграничните преносни капацитети ќе се применуваат Правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети кои се применуваат од Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа.

Имајќи во предвид дека преносниот систем оператор на Република Србија се уште го нема потпишано Договорот за процедурите за учество во Канцеларијата за координирана аукција на Југоисточна Европа, за границите кои не се опфатени со договорот со SEE CAO, АД МЕПСО е должен да подготви соодветни Аукциски правила за доделување на прекуграничните преносни капацитети на соодветната граница.

Доставениот текст на Правилата за алокација на прекуграничните преносни капацитети на граница Македонија – Србија (МЕПСО – ЕМС) за 2019 година кои се состојат од Agreement on congestion management on Macedonian-Serbian border between Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. and EMS AD Beograd, вклучувајќи и:

– Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd („EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,
– Daily Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for 2019, и
– Rules for the Allocation of the Cross Zonal Intraday Capacity between the Bidding Zones of EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,

претставува крајна верзија постигната во постапката на повеќекратното усогласување помеѓу АД МЕПСО Скопје, ЕМС АД Белград, Агенцијата за енергетика на Република Србија и Регулаторната комисија за енергетика. Во доставените текстови се вградени и ставовите и мислењата искажани од заинтересираните субјекти на подготвителната седница на Регулаторната комисија за енергетика, одржана на 06.11.2018 година.

На ден ноември 2018 година се одржа и главна седница на Регулаторната комисија за енергетика.

Имајќи го во предвид горенаведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение, може да се поведе управен спор, во рок од 30 дена од денот на приемот.

**бр. 02-2153/1**
**08.11.2018 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**Марко Бислимоски**

**ПРИЛОГ:**

**Agreement on congestion management on Macedonian-Serbian border between Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. and EMS AD Beograd, вклучувајќи и:**

- **Yearly and Monthly Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between the Bidding Zones of EMS AD Beograd („EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,**
- **Daily Auction Rules for the Allocation of Cross Zonal Capacities between EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for 2019, и**
- **Rules for the Allocation of the Cross Zonal Intraday Capacity between the Bidding Zones of EMS AD Beograd ("EMS") and Makedonski elektroprenosen sistem operator a.d. („MEPSO") for the year 2019,**